# ЗАПИСНИК
## од 7. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 јануари 2026 година (среда)

Седмата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 28 јануари 2026 година (среда), со почеток во 10.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановскии, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Стоименовска, Зоран Крањевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На 7. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 7. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот посочи дека е доставена иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош, и службите пред почетокот на седницата имаат поделено материјали за 2 дополнителни точки за дневен ред. Овие две точки се планираат да се предложат како втора и трета на дневниот ред и истите се од технички карактер.

Претседателот ги повика службите да ги образложат точките кои се додаваат.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Раководител на секторза финансии Мирјана Ѓорѓиевска посочи дека причината за измената на Статутот е тоа дека Општината Карпош има промена на адреса, а тоа е "Никола Русински" бр. 11 која треба да се смени во самиот Статут со цел да може да се извади тековна состојба и Општината Карпош непречено да функционира.
За збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев и во знак на некоректност укажа дека долго време му требало на сектор урбанизам и сектор ИТ да има дадат пристат до системот е-урбанизам. По добивањето на потписот и гледањето во е- урбанизам се појавило потреба да се поднесе точка која гласи:

Предлог Одлука за изменување и дополнување на програмата за урбанистичко планирање со која итно би требало да се уредат одредени детални урбанистички планови.Предложената точка е спорна бидеќи за нејзина реализација потребни се големи финансиски средства кои Општината во моментот ги нема и неможе да ги предвиди.
Советничката инсистираше да се предвидат средства со цел да се започне со изработка на Дупови и оваа точка да се спроведе во интерест на граѓаните бидејќи законски им следува.Советничката посочи да се стави точката на гласање за во дневниот ред.
Претседателот Христо Саракинов по земен збор посочи дека за да се стави ваква точка на дневен ред треба прво да се направи измена на буџет, исто така укажа дека предлагачот треба да посочи од каде да се земат средства за да се додадат во посочената програма со цел да се запази приходната и расходната страна на буџетот.
За збор се јави раководителот на сектор за финансии посочи дека го поздравува донесувањето на деталните урбанистички планови, бидејќи подолг временски период нема донесено ДУП, но посочи дека во наредниот квартал е испланиран буџетот и ова како иницијатива и точка може да се разгледа на следниот ребаланс кој се очекува да биде во преиод март-април.
Се разви дискусија по темата околу Програмата за урбанизам и носење на детални урбанистички планови во која учествуваа советничките Добрила Андоновска, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, градоначалник Сотир Лукровски, служба Јелена Цветковиќ со цел во плодна дискусија да се разјаснат одредени недоразбирања околу самата тема која е предмет на расправа се со цел носење на квалитетни одлуки во интерест на граѓаните.
По земен збор членот на Советот Добрила Андоновска побара дополнителна точка советнички прашања.

Претседателот ги стави предложените точки на гласање за ставање на дневниот ред.

Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош како втора точка на дневниот ред.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоена Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош како точка три на дневниот ред.**

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Предлог Одлуката.**

Советнички прашања како последна точка на дневниот ред.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, се усвоени Советнички прашања.**

Претседателот претседателот го стави изменетиот дневен ред на гласање.

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЕВР – „Карпош“ за 2025 година – единица за внатрешни работи Карпош – Полициска станица од општа надлежност „Карпош“ дов.бр.23.21.8.2 -206/1 од 20.01.2026 година
2. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош
4. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2026 година,
5. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2026 година
6. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година

7. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)
8. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( поплава и пожар)
9. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година
10. Предлог –Решение за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје
11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје
12. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош - Скопје
13. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош - Скопје
14. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година
15. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2025 година;
16. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година;
17. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2025 година;
18. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;
19. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;

20. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2025 година;
21. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2025 година;
22. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година;
23. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година;
24. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2025 година;
25. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;
26. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2025 година,
27. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 49 годишнината од формирањето на Општина Карпош;
28. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;
29. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2025 година;
30. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година;
31. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2025 година;
32. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради

**за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2025 година**

33. **Советнички прашања**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и дневниот ред го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен дневниот ред за 7. седница на Општина Карпош.**

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

**1.Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЕВР – „Карпош" за 2025 година – единица за внатрешни работи Карпош – Полициска станица од општа надлежност „Карпош" дов.бр.23.21.8.2 -206/1 од 20.01.2026 година**

Претседателот посочи дека извештајот е материјал за ограничена употреба, согласно прописите, јавноста треба да биде исклучена на оваа седница, на истата присуствуваат само градоначалникот, советниците, одделението за поддршка и организација на работата на Советот.

**Според деловникот треба да се исклучи јавноста од седницата, затоа претседателот го стави предлогот за исклучување на јавноста на гласање.**

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоен предлогот**

Извештајот беше презентиран од страна на преставници од ПС Карпош и се одговараа на поставени прашања од страна советниците.

По завршување на на расправата заклучокот беше ставен на гласање.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЕВР – „Карпош" за 2025 година – единица за внатрешни работи Карпош – Полициска станица од општа надлежност „Карпош" дов.бр.23.21.8.2 -206/1 од 20.01.2026 година**

Претседателот го повика членот на советот Вера Бужаровска како претседател на комисија прописи да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Вера Бужаровска извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

**2.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош.**

**3.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош.**

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош**

**4. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот Христо Саракинов како претседател на комисија за изработка на работата на советот извести дека комисијата била одражана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Татјана Чакулев со одредени забелешки во однос на тоа дека во програмата недостасуваат повеќе извештаи, и во дел од извештаите треба детално да се образложени активностите кои се превземени и реализирани.Членот на советот побара да се достават актите кои недостасуваат и да се достават добро образложени изваштаи.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Од службите беше одговорено дека тоа што недостасува веднаш ќе биде додадено се работи за технички пропуст, а во однос на одредени извештаи кои не се гласаат на совет истите не се внесени бидејќи се објавуваат само на веб страната и се доставуваат до градоначалник.

За збор се јави Татјана Стојановска посочи дека точно актите според закон се поставуваат така како што се поставени но има забелешки дека истите не се навремено поставени, и побара ако не правно погрешно да се добие извештај за рушење со цел да се добие појасна слика во однос на одредени безправни објекти дали има постапка за нивно рушење.

Членот на советот побара да се формира комисија за промена на деловник и статут бидејќи постоечките се донесени многу години наназад и истите имаат потреба од измени и дополнувања.

Од службите одговорија следно овие предлози коишто се доставени во оваа предлог програма, која што ќе треба да се усвои, се практично нешто што по сила на закон и секоја година тековно се носат. Како совет ќе се донесат многу одлуки коишто не се дефинирани во оваа програма, меѓутоа секогаш било и секогаш ќе биде, заради тоа што тие се одлуки коишто се посебни, коишто не се обврзуваат за секоја година и нормално е да се носат. Не значи на тој начин се прекршува програмата, а програмата секогаш трпи изменување и дополнување. Никогаш не се прави изменет. Практично требало на секоја седница да се прави измена и дополна на програмата. Може да се провери дека ниту една општина програмата на работа на Совет не ја менува. Ако случајно дојде некоја точка којашто не е предвидена, затоа е оставено дека може да претрпи измени и дополнувања самата програма и може да се постапува надвор од програмата, заради тоа што тоа се некои одлуки или решенија коишто се донесуваат согласно потребите на граѓаните. Во однос на Комисијата за да се формира, може и нема потреба да биде дел од програма. Ако е одлучено и ако има предлог за формирање на Комисија, ништо не менува дали истата ќе се најде во програмата или не.

За збор се јави претседателот и укажа дека е стигната на емаил иницијатива за формирање на комисија истата ќе се разгледа и во најбрзо време ќе се пристапи кон кординација на советничките групи и градоначалникот со цел да се донесе вистинска одлука.

Членот на советот Татјана Стојановска со предлог да се стави формирањето на комисија во самата програма како една сигурност дека истата ќе мора да се формира.

**Претседателот го стави предлогот на гласање, по што беше констатирано дека со 10 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН**, констатирано е дека, не е усвоен предлогот (бидејќи нема мнозинство на советници, а тоа е 14 гласа За).

За збор се јави Адријана Јакимовска Панчевска и посочи дека советничката група на ВМРО и коалицијата како во минатото така и во овој состав стои на ставот поддржува измена и дополнување на деловникот за работа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Програмата ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2026 година**

**5. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот го повика членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисија финансии и локален економски развој да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Советничката извести дека комисијата била одражана на ден 27 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот ја повика членот на советот Димитар Георгиевски како претседател на комисија за комунални работи и сообраќај да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Членот на советот извести дека комисијата била одржана на ден 27 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Се разви дискусија помеѓу членот на советот Добрила Андоновска и Маја Филипчева како претседател на комисијата во однос на условите, критериумите но и за висината на средствата кои се планираат да се доделуваат како финансиска помош со што се разјаснија дел од дилемите и забелешките за истите се со цел квалитетен правилник за постапување во интерест на граѓаните.
Како заеднички предлог од плодна дискусија од советниците Добрила Андоновска и Александар Петровски произлезе дека треба да се постави лифт во училиштата кои се на повеќе ката, а кои се на територија на Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Правилникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2026 година**

**6. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година**

Се разви дискусија помеѓу советниците Добрила Андоновска, Владимир Бислимовски, Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Славко Митевски и службите односно Маја Филипчева во однос на критериумите, сумата, фазите за доделување но и за специфично одстранување на азбестот како материјал кој е воедно канцероген со цел да се заштити здравјето на граѓаните. Од плодната дискусија се развија и добри идеи и за компании кои имаат лиценци за остранување на специфичен отпад кои согласно закон би можеле да се применат и да станат дел од правилникот, а со единствена цел носење на добар правилник кој е во интерес на граѓаните.
Градоначалникот по земен збор посочи дека овој правилник се носи заради олеснување на потребата на граѓаните во остварување на своите потреби и никако неможе да ги условуваме бидејќи целта е да се помогне на што повеќе граѓани.
Во дискусија се вклучија советниците Давор Грче, Димитар Георгиевски и Татјана Стојановска со одредени забелешки но и идеи за самиот праилник во однос на промената на азбесните кровни покривачи кој е предмет на расправа и се дојде до заклучок дека во правилникот има член кој укажува дека потенцијалните корисници се должни според закон да ги остранат истите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Правилникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи**

**на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот го повика членот на советот Елена Домика како претседател на комисија за јавни дејности да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Советничката извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

**7. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)**

Се разви дискусија помеѓу советниците Татјана Стојановска, Добрила Андоновска во однос на тоа дали советниците може да бидат членови на самата комисија или не, но и самото значење на тоа доколку бидат дел од комисијата би се зголемила транспарентноста и би се зголемил квалитетот на донесените одлуки бидејќи истите се претставници на граѓаните.
Бидејќи се појави дилема околу правилникот се свика кратка координација по која е одлучено да се гласа точката воздржано и да се доработи во согласност на сите советнички групи и службите и да се најде на првата наредна седница.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Правилникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со гласови ЗА нема, 3 гласови ПРОТИВ и 19 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, не е усвоен Предлог- Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)**

**8. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( поплава и пожар)**

За збор се јави членот на советот Добрила Андоновска и посочи дека има одредени забелешки во правилникот во делот каде што треба се предвидуваат елементарни непогоди како во правилници во други општини со цел општината да излезе во пресрет на потребите на граѓаните во даден момент.

Од службите одговорија дека правилникот е направен врз оснава на искуства од минатото, а целта е законски да се покриени средствата кои се доделуваат во зависност од потребата на граѓаните.
Прелогот на счленот на советот за дополна и измена правилникот беше ставен на гласање, по самото гласање со 12 воздржани советници предлогот не беше прифатен

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Правилникот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со гласови 15 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и 8 гласови ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( поплава и пожар)**

**9. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година**

Претседателот ги повика службите да дадат појаснување по точката.

Раководителот на сектор за финансии Мирјана Ѓеорѓиевска даде детално објаснување по приходната и расходната страна на кварталниот извештај како и останатите средства кои се дел од буџетот на општината, а тоа се блог дотации капитални инвестиции др..
Се разви дискусија по извештајот со одредени прашања од страна на членовите на советот Татјана Чакулев и Славко Митевски кои беа детално образложени и одговорени од страна на соодветниот раководител во која точка беше поставено прашањето.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и заклучокот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година**

Претседателот го повика членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисија за верификација да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот ги извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

**10. Предлог –Решение за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и решението го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

**11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје**

Андоновска по земен збор посочи да се покрене иницијатива, да се испрати допис до сите основни училишта, да дадат информација до каде се со почитување на нормативите донесени од страна на Министерството за образование во септември, за да може врз база на тоа да се бара од Министерството да се вработат, се со цел институциите да располагаат со доволно персонал кој кавлитетно ќе ги опслужува.
Од службите беше посочено дека тоа се за норматив во однос на површината на училиштето во соодност на хигиеничарите, но посочија дека има и друг норматив за вработените, тој е од Бирото за развој во однос на нивните квалификации и тоа секако се следи, во насока на нови информации во училиштата, меѓутоа новите финансирања, согласно насоките од Министерството за образование, се поднесуваат вообичаено во месец јуни и општината се надева на што повеќе одобрувања за вработувања.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и решението го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје**

**12. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош - Скопје**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и решението го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош - Скопје**

**13. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош - Скопје**

По земен збор членот на советот Добрила Андоновска посочи дека меѓу апликантите има човек кој има одлична биографија во која со наведеното искуство треба и тоа како да се предложи на училишен одбор со што би се дало голем придонес.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и решението го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош - Скопје**

Претседателот ја повика членот на советот Благица Цветановска како претседател на комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Членот на советот извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот го повика членот на советот Предраг Станковски како претседател на комисија за спорт да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Членот на советот извести дека комисијата била одржана на ден 27 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот го повика членот на советот Неделчо Крстевски како претседавач на комисија за екологија и енергетска ефикасност да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Членот на советот извести дека комисијата била одржана на ден 27 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.
Претседателот го повика членот на советот Горан Михајлов како претседател на комисија за култура да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Претседателот извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и инегрално извести за точките кои биле разгледани.
Претседателот го повика членот на советот Владимир Бислимовски како претседател на комисија за урбанизам да даде извештај по точките кои се разгледувале.
Претседателот извести дека комисијата била одржана на ден 26 јануари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот даде иницијатива за интегрално разгледување на извештаите од точка 14 до точка 32, а поименично гласање.

Иницијативата ја стави на гласање, по спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, 2 гласови ПРОТИВ и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена иницијативата.
Претседателот отвори расправа по извештаите.

Во дискусија по извештаите се јавија за збор членовите на советот Татјана Стојановска, Христо Саракинов, Славко Митевски, Добрила Андоновска и Татјана Чакулев со одредени забелешки и прашања во однос на предвиденото и оствареното во самите извештаи но и насоки како би требало детално образложено да бидат изготвени извешатите во иднина.

По сите прашања и забелешки од страна на раководителеите беше детално образложено и одговорено.

**14. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

**15. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2025 година.**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2025 година.**

**16. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година.**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за**

**реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2025 година.**

**17. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2025 година**

**18. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

**19. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

**20. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2025 година;**

**21. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2025 година**

**22. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

**23. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година;**

**24. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2025 година;**

**25. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за**

**реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;**

**26. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2025 година,**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2025 година,**

**27. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 49 годишнината од формирањето на Општина Карпош;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 49 годишнината од формирањето на Општина Карпош;**

**28. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за**

**реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;**

**29. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2025 година**

**30. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година;**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година**

**31. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот за**

**доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2025 година**

**32. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2025 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Извештајот го стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2025 година**

**32. Советнички прашања**

На седницата советничката Татјана Стојановска ги постави следните советнички прашања:

1. Советничко прашање до секторот за урбанизам кое го поставувам вторпат писмено, и го спомнав на седници дека немам сè уште одговор:

- Спецификација, список на легализирани објекти во периодот во 2025 од 01.01.2025 до последниот ребаланс, каде се појавуваат многу повеќе уплатени средства за легализација на дивоградби од предвидените.

2. Советничко прашање до секторот за урбанизам и инспекторат, кое го поставувам вторпат писмено, и го спомнав на седници дека немам сè уште одговор:

- Како е издадено одобрение за градба за А2 објект во ДУП 309, при изгласан Заклучок од страна на Советот на Општина Карпош, објавен во Службен Гласник на општинската страна, да не се издаваат такви одобренија до добивање мислење од Министерството за транспорт?

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Заклучокот за задолжување на секторот за урбанизам е донесен на 65та седница на Советот на Општина Карпош од 15.05.2025, објавен во Службен Гласник бр. 6/2025.

3. Информација до каде е процесот на преместување на паркингот на камионите за комунални работи од дворот на ОУ Братство

4. Информација дали е подмирен долгот кон Лајка, и ако не, кога се планира да се подмири и дали е во процедура потпишување на нов договор за соработка со Лајка?

5. Прашање од жител, дали општината ќе санкционира, т.е ќе одредува забрана за работа на маркети кои доставата на роба ја вршат на јавни паркиралишта?
Оваа забрана е наведена во Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на општина Карпош Скопје донесена на 07.12.2022 со број 11-919/13 во член 26.

6. Во контекст на соработка со Град Скопје и можноста да се вршат заеднички активности како рушење на дивоградби и чистење на габаритен отпад и тешко пристапни депонии, би сакала да поведам иницијатива до општината за мапирање на сите диви депонии на територијата на општината, план за нивно расчистување, како и соработка со градот за истото.

Воедно, нагласувам, **геомапирање на дивите депонии/сметилишта од страна на општините беше побарано од министерот за животна средина на 16.09.2025**, да спроведат детални контроли и идентификација на сите диви депонии и нерегистрирани локации за отпад, како и да изготват планови за нивно систематско отстранување. Во таа насока, министерот препорача формирање на работни тимови за теренска проверка и геолокациско мапирање, воспоставување соработка со инспекциските служби за утврдување на одговорност, изработка на извештај за состојбата со дивите депонии кој во рок од 60 дена ќе биде доставен до Министерството, како и спроведување информативни кампањи за подигање на јавната свест кај граѓаните за правилно постапување со отпадот. **60 дена изминаа на 16.11.2025, но ова не е пречка во најбрз можен рок да се извршат овие активности и извештајот да се достави до МЖСПП.**

7. Бидејќи планот и програмата на сектор инспекторат се составува вон Советот, Ве молам за информација кога се планира рушење на дивоградби за конкретни два заклучоци за извршување од инспекторатот:
- првиот е заклучок за извршување со архивски број 64-19 од 28.02.2025
- вториот е известување за заклучок со архивски број 64-49 од 18.12.2024

8. Кој е ставот на општината во однос на сите рампи за паркинзи поставени со согласност од општината во изминатите мандати?

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 7. седница на Советот на Општина Карпош.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-1561/3**
**Датум: 24.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**